ЦК КПМ АРХИВА

1508
284

ДЕКЛАРАЦИЈА

На АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија.

1. Сите граѓани на федерална македонска држава се еднакви и равноправни пред законите, не гледајќи нивната народност, пол, раса и вероисповедание.

2. На националните малцинства на Македонија се осигуруваат сите права на слободен национален живот.

3. На секој граѓанин му е гарантирана сигурноста на личноста и имотот, загарантирано е правото на сопственост и чесната иницијатива во стопанскиот живот.

4. На секој граѓанин му е загарантирана слободата на вероисповедението и слободата на савеста.

5. На сите граѓани им се гарантира слободата на говорот, печатот, собирањето, договорот и слободата на друженито.

6. Изборното право на демократска Македонија го вршат избирачите со тајно гласување на основање на општото, еднаквото, непосредното и личното изборно право.

7. Правото да избируат и да бидат избирани во сите изборни тела во народната власт имаат секој граѓанин и секоја граѓанка кој се наполниле 18 години, ако не се превинени за некое престапление. До дека траје народно-ослободителната војна, по решение на АСНОМ, може да се отстапи от принципите на тајното и непосредното гласување.

Малоумните лица, како и лицата кој се провинат по отношение на интересите на народноослободителната војна се лишават от правата по точка 5 и 6 на оваја декларација.

8. Должност и чест е на секој за оружје способен граѓанин без разлика на народност и вера да учествуе како војник во редовите на народноослободителната војска и партизанските одреди.

9. Се забрануат и проговуат сите фашиски и профашиски дејствија, оти се против слободата и независноста на братската заедница на народите во Југославија.

10 На секој граѓанин му е загарантирано правото на жалба против решенијата на органите на власта, по начин предвиден во законот. Секој граѓанин има право на молба и поплака кај сите државни власти.

11. Народната власт се старае да отстрани неписменоста и да ја подигне народната култура како и да усигура бесплатна просвета.

Во манастир „Св отец Прохор Пчински" на ИЛИНДЕН 2 август 1944 год.

За Антифашиското Собрание на Народното Ослободуење на Македонија.

Секретар: Луичо Д Арсов

Председател: Методи Андонов—Чento